„Многу ме радува што во Македонија постојат иницијативи и обуки кои го овозможуваат созревањето на граѓанските организации. Верувам дека само со добро структурирање ќе се овозможат хумани услови за општествен развој“, рече Вања Димитриевски од ХОПС за време на **обуката за „Организациски развој и системи за обезбедување на квалитет“ која се одржа од 26 до 28 септември во Охрид** .



Обуката им овозможи на **16 претставници на граѓанските организации да се запознаат со различните елементи на системите за обезбедување квалитет во работењето** . Тие на интерактивен начин ги посочија најчестите дилеми со кои се соочуваат во нивното работење, а кои се однесуваат на транспарентноста, отчетноста и севкупниот организациски развој.

Сандра Соколенко, претставничката на Finance Think, рече дека е задоволна од пријатната атмосфера и начинот на предавање. „Материјалот ни беше пренесен на разбирлив начин со практични примери и токму тоа ќе ни овозможи да ги зајакнеме нашите организациски капацитети“, додаде таа.




Обучувачи беа **Тина Дивјак, заменик-директор на Словенечката национална мрежа на граѓански организации (ЦНВОС), и Илина Нешиќ, директорка на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН)** . Со нивна помош, учесниците дознаа повеќе за системите за квалитет, а се запознаа и со **Глобалниот стандард за отчетност на граѓански организации**
.

Оваа обука е дел од низата обуки кои ќе следат, а чија цел е подобрување на спроведувањето на целиот систем на стандардите за добро управување на организациите.

Обуката се реализираше во рамките на програмата „Одржливо граѓанско оппштетсво – државно финансирање на ГО“ која ја спроведува МЦМС во партнерство со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации (ЦНВОС) од Словенија, а е финансиски поддржана од Европската Унија.